# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.129 од 31.07.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија" број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009 и 136/11), во членот 15 став 1 по зборот „место„ се става запирка и се додаваат зборовите: „придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување за вработеното инвалидно лице, придонес за пензиско и инвалидско осигурување за сите вработени во заштитното друштво".

**Член 2**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".